ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

Согласно одредбите на Законот за здравствено осигурување и Процедурите за изготвување, извршување и известување на Буџетот на Фондот и за буџетите на јавните здравствени установи, јавните здравствени установи (врз основа на утврдени обрасци) изготвуваат редовни месечни и квартални извештаи за реализација на средствата пренесени од Буџетот на Фондот.

Врз основа на добиените податоци од страна на ЈЗУ, Фондот изготвува збирни месечни извештаи, квартали анализи и годишен извештај за своето и економско-финансиско работење на ЈЗУ, кои ги доставува до Министерството за здравство, Министерството за финансии и до УО на Фондот и ги објавува на својата веб страница.

Заради поедноставување на постапката на обработка, како и заради обемноста на податоците добиени од страна на ЈЗУ во прилог ги објавуваме прегледите кои отсега па натаму, секоја ЈЗУ **најдоцна до 10-ти** во тековниот за претходниот месец, задолжително ќе треба да ги достави по електронски пат на e-mail: plan@fzo.org.mk, но и во досегашната **пишана форма најдоцна до 15-ти** во тековниот за претходниот месец (со печат и потпис на одговорното лице) до Одделението за план и анализа на Фондот за здравствено осигурување.

Напоменуваме дека обрасците ДТ-1, О-1, О-2 и образецот за партиципација, задолжително ќе ги доставувате месечно (по завршувањето на тековниот месец), додека прегледите за побарувањата и долговите настанати по основ на сервисни услуги извршени кон (од) други ЈЗУ, по завршувањето на секој квартал од годината.